ЗАПИСНИК

од 1-ва Конститутивна седница на Советот на Општина Новаци, одржана на ден 07.11.2025 година, со почеток во 10:00 часот во просториите на општинската зграда во Новаци

На седницата присуствуваа следните советници: Илче Трајковски, Горан Велјановски, Весна Котевска, Игор Марковски, Иванчо Петковски, Македонка Соклевска, Ропче Ангелковски, Иванчо Котевски и Васко Секуловски.

На седницата присутен беше и новоизбраниот Градоначалник на Општина Новаци, Стевче Стевановски.

Од општинската администрација присутни беа: Анета Киселоска-раководител на одделение за правни работи, општи и јавни дејности, Александра Ангелевска-помлад соработник.

На седницата присутна беше и Славица Најдовска Стојковска- Претседател на предходниот состав на Советот на Општина Новаци, која ја свика и ја отвори конститутивната седница на Советот.

Најпрво им честита на советниците за изборот, им посака успешна работа во целиот мандат, а потоа збор му даде на Градоначалникот.

Градоначалникот Стевче Стевановски им го честита изборот на членовите на Советот и им посака успех во работата и нагласи дека се надева дека со членовите на Советот ќе има добра соработка и дека заедно ќе донесуваат мудри одлуки во интерес на жителите на Општина Новаци.

Потоа Претседателот од предходниот состав Славица Најдовска Стојковска, го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлагање на членови за Комисија за верификација и донесување на Одлука;
2. Донесување на Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Новаци;
3. Предлагање и избор на Претседател на Советот на Општина Новаци;
4. Предлагање на членови за Комисија за мандатни прашања, избори и именувања и донесување на Одлука;
5. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за статут и прописи;
6. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;
7. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;
8. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за јавни и комунални дејности;
9. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за општествени дејности;
10. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите;

11. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија;

12. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за месна самоуправа;

13. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за елементарни непогоди;

14. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за склучување на бракови во Општина Новаци.

Предложениот дневен ред беше **усвоен со 9 гласа ЗА**

Анета Киселоска: Ги поздрави Советниците, им посака успешен мандат, донесување конструктивни и разумни одлуки, а потоа ја објасни законската постапка за верификација на мандатите, изборот на претседател и комисии на Совет.

1. точка: Избор на Комисија за верификација

Советниците пристапија кон предлагање на членови на Комисијата и тоа:
Горан Велјановски го предложи Иванчо Петковски, Илче Трајковски го предложи Горан Велјановски, Иванчо Петковски ја предложи Македонска Соклевска, Игор Марковски ја предложи Весна Котевска и Весна Котевска го предложи Илче Трајковски.
За претседател на Комисијата ја предложија Весна Котевска.

Советот со **9 гласови ЗА** донесе Одлука за формирање на Комисија за верификација.

2. точка: Донесување на Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Новаци

Комисијата за верификација се состана и изврши проверка на уверенијата издадени од ОИК Новаци на секој советник поединечно и идентификација на членовите на Советот а претседателот Весна Котевска предложи да се верификува мандатот на сите членови на Советот, за што состави Извештај.

Советот едногласно со **9 гласа ЗА,** донесе Одлука за верификација на мандатот на членовите на Советот на општина Новаци, по што советниците дадоа Свечената изјава за почитување на Уставот, законите и прописите во РС Македонија.

3. точка: Предлагање и избор на Претседател на Советот на Општина Новаци

Претседателот од предходниот состав Славица Најдовска продолжи со дневниот ред и побара да се дадат предлози за Претседател на Советот. Горан Велјановски го предложи Илче Трајковски за Претседател на Советот.

Потоа со **6 гласа ЗА и 3 воздржани** Советот донесе Одлука за избор на Претседател на Советот на Општина Новаци.

По донесувањето на Одлуката за избор на Претседател на Советот на Општина Новаци, Претседателот од предходниот состав Славица Најдовска му го отстапи местото на новоизбраниот Претседател на Совет Илче Трајковски, му честита за изборот и ја напушти седницата. Исто така Претседателот доби честитки од Градоначалникот и останатаите присутни на седницата.

4 точка: Предлагање на членови за Комисија за мандатни прашања, избори и именувања и донесување Одлука

Во однос на оваа точка Раководителката Анета Киселоска му укажа на советниците како се извршува изборот на членови на оваа комисија односно дека

претседателот и членовите на оваа комисија се избираат на првата седница на Советот и тоа од листата на предлагачот што има најголем број мандати за членови на совет, избрани на непосредните избори. Комисиите на советот се состојат од 5 члена од кои еден е Претседател на комисијата. Оваа комисија го дава предлогот за составот на останатите комисии при што води сметка за примена на принципот за нивно пропорционална застапеност, имајќи го предвид вкупниот број на комисии на Совет.

За членови во оваа Комисија во овај состав на Советот на Општина Новаци, ќе бидат членовите на Советот чиј подносител на изборите доби најголем број мандати, а тоа е Коалиција ,,Твоја Македонија,, предводена од ВМРО ДПМНЕ, односно советниците: Илче Трајковски, Горан Велјановски, Весна Котевска, Игор Марковски и Иванчо Петковски.

Советот со **7гласа ЗА и 2 воздржани** донесе Одлука за формирање на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања.

5 точка: Донесување на Одлука за формирање на Комисија за статут и прописи

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за членови на Комисија за статут и прописи ги предложи: Игор Марковски-претседател и членови: Весна Котевска, Иванчо Петковски, Ропче Ангелковски и Васко Секуловски.

Советот со **8 гласа ЗА и 1 воздржан** донесе Одлука за формирање на Комисија за статут и прописи.

6 точка: Донесување на Одлука за формирање на Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за членови на Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР ги предложи: Илче Трајковски за претседател и членови: Весна Котевска, Горан Велјановски, Ропче Ангелковски и Иванчо Котевски

Советот со **8 гласа ЗА и 1 воздржан** донесе Одлука за формирање на Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој.

7 точка: Донесување Одлука за формирање на Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за членови на Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина ги предложи: за Претседател Иванчо Петковски и членови: Илче Трајковски, Весна Котевска, Игор Марковски и Македонка Соклевска.

Советот со **9 гласа ЗА** донесе Одлука за формирање на Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

8 точка: Донесување на Одлука за формирање на Комисија за јавни и комуналнни дејности

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за членови на Комисија за за јавни и комуналнни дејности ги предложи: за Претседател Иванчо Котевски и членови: Илче Трајковски, Игор Марковски, Горан Велјановски и Васко Секуловски

донесе:

Советот со **8 гласа ЗА и 1 воздржан** донесе Одлука за формирање на Комисија за јавни и комунални дејности.

9 точка: Донесување на Одлука за формирање на Комисија за општествени дејности

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за членови на Комисија за општествени дејности ги предложи: за Претседател Македонка Соклевска и членови: Васко Секуловски, Иванчо Петковски, Весна Котевска и Горан Велјановски

Советот со **9 гласа ЗА** донесе Одлука за формирање на Комисија за општествени дејности.

10 точка: Донесување на Одлука за формирање на Комнисија за еднакви можности на жените и мажите

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за членови на Комисија за еднакви можности на жените и мажите ги предложи: за Претседател Весна Котевска и членови: Илче Трајковски, Иванчо Петковски, Иванчо Котевски и Македонка Соклевска.

Советот со **9 гласа ЗА** донесе Одлука за формирање на Комнисија за еднакви можности на жените и мажите.

11 точка: Донесување на Одлука за формирање на Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за членови на Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија ги предложи: за Претседател Иванчо Петковски и членови: Горан Велјановски, Илче Трајковски, Ропче Ангелковски и Васко Секуловски

Советот со **9 гласа ЗА** донесе Одлука за формирање на Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија.

12 точка: Донесување на Одлука за формирање на Комисија за месна самоуправа

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за членови на Комисија за месна самоуправа ги предложи: за Претседател Васко Секуловски и членови: Иванчо Котевски, Игор Марковски, Весна Котевска и Горан Велјановски

Советот со **8 гласа ЗА и 1 воздржан** донесе Одлука за формирање на Комисија за месна самоуправа.

13 точка: Донесување на Одлука за формирање на Комисија за елементарни непогоди

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања предложи оваа точка да се одложи за наредна седница, бидејќи таа има и надворешни членови, па потребно е време за да се направи правилен состав на комисијата.

Советот со **9 гласа ЗА** го прифати предлогот на Комисијата, за одлагање на точката за некоја наредна седница.

14 точка: Донесување на Одлука за формирање на Комисија за склучување на бракови во Општина Новаци

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за членови на Комисија за склучување на бракови во Општина Новаци предложи сите членови на Советот да ја сочинуваат комисијата и да ротираат со учеството на склучување бракови.

Советникот Горан Велјановски предложи да се достави информација до матичната служба во Новаци за Комисијата за склучување на бракови.

Советот со **9 гласа ЗА** донесе Одлука за формирање на Комисија за склучување на бракови во Општина Новаци.

По исцрпувањето на дневниот ред, Претседател Илче Трајковски даде простор за советнички прашања но немаше.

Седницата заврши во 12,00 часот.

Записничар
Александра Ангелевска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски